ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија"бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, на ден 24.09.2019 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Измена и дополнување на дел од блок 7 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиската оцена се објавува на веб страната на општина Гевгелија.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополнување на дел од блок 7 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија нема да има влијание врз животната средина од следниве причини: Измена и дополнување на дел од блок 7 од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија се носи врз основа на донесен Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин

Богородица, општина Гевгелија, плански период 2009-2019 е донесен со Одлука на Совет бр.07-720/1 од 15.03.2011 година, за кој што е спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина бр.08-7430/2 од 21.07.2010 година.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Гевгелија и Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.11-683/8
24.09.2019
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
м-р Сашо Поцков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА